Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/2002), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на општина Кавадарци” бр8/05), а во врска со член 2 став 2 од Законот за комунални такси (“Сл.весник на РМ”бр.61/04, 64/05, 92/07 и 123/2012), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 30.10.2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За изменување и дополнување на Одлуката**
**за утврдување на висината на комуналните такси во Општина Кавадарци**

**Член 1**

Во Одлуката за утврдување на висината на комуналните такси во Општина Кавадарци бр.07-687/2 од 13.03.2006, Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на комуналните такси во Општина Кавадарци бр.07–302/12 од 31.01.2014 година (“Сл.гласник на Општина Кавадарци”бр.12/06,12/2014.), се менува и гласи :

“Во член 2 став 1 –Тарифа за комунални такси,
Тарифен број 8 став 1 СЕ МЕНУВА и гласи:
“За користење на просторот за паркирање на патнички моторни возила, товарни моторни возила, автобуси и приколки на јавни паркиралишта се наплака комунална такса во висина од 15 % од цената на наплатената услуга за користење на просторот за паркирање.”

Во останатиот дел Одлуката останува непроменета.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.07-4925/5** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**30.10.2014 година** **Претседател,**
**Кавадарци** **М-р Горица Пеливанова - Вилхелм**